НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
.ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ



Година II
број 13
27 јануари
2006 год.

Од седмата седница на Собранието на СЗПМ

## Нови програмски насоки

При крајот на минатата година, како што најавивме, се одржа седмата седница на Собранието на СЗПМ на која беа усвоени Програмата за работа на Сојузот за периодот од 2006 до 2008 година и Нацрт акциониот план за нејзината имплементација.

Во уводните напомени што ги даде претседателот **Душко Шурбановски** и во дискусијата во која учествуваа: **Никола Николовски, Благоја Митев, Душан Пereски, Бесник Поцеста, Васко Калевски, Радован Влаќевски, Вите Исјановски, Гавро Пановски, Павле Павлески, Љупчо Ангеловски, Сатки Нуредини, Божидар Миновски, Асим Јусуфи, Руфат Рамадани** и **Андон Марковски**, беа поддржани зацртаните цели и приоритетни задачи, посебно за зголемување на пензиите, за подобрување на здравствената заштите, за измени на Законот за здруженијата и фондациите, за изготвување спогодба за миграционите движења меѓу пензионерските организации за користење на Солидарниот фонд, за натамошно подобрување на информирањето на пензионерите и јавноста и друго.

Беше истакната потребата програмските цели и задачи да бидат дефинирани во годишните програми на СЗПМ и на Здруженијата на пензионерите, со што ќе можат да се збогатат содржините и активностите. Беше речено дека со остварување на ваква нова и современа програма пензионерите од Република Македонија ќе можат поуспешно да ги решаваат настанатите проблеми од животниот стандард, да се унапреди организационата поставеност и финансирањето, како и севкупната активност.

Беше изразена и благодарност до Данскиот совет за бегалци, кој помогна во изготвувањето на Програмата и ја презеде улогата на донатор за осовременување на здруженијата на пензионерите со компјутерска опрема.

На оваа седница Собранието усвои и заклучок СЗПМ и Републичкиот одбор на борците да побараат од Фондот за здравство на Република Македонија да бидат вклучени во изготвувањето на новата позитивна листа на лекови и да се подобри здравствената заштита на старите лица.

**Д.А.**

## Соработка на надворешен и внатрешен план - взаемен интерес



Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е отворен за соработка.

Меѓутоа во 2005 година не се успеа да се зголеми степенот на соработка со нови субјекти бидејки , вниманието на многу европски и светски организации и сојузи беше нагласено насочено кон блиско источни , средно источни , азиски и европски подрачја ( Ирак ,Авганистан, Пакистан, ново примени членки во Европската заедница и слично). Сепак, со Данскиот совет за бегалци успеавме да реализираме една заедничка активност која ни обезбеди за 25 наши организации (здруженија на СЗПМ) комплет компјутери и печатари и оспособување на лица што ќе работат со нив. Сметаме дека оваа заедничка акција ќе значи чекор напред во реализација на нашата замисла да создадеме систем на меѓусебна поврзаност во рамки на Сојузот преку терминален пат. Втората видлива корист од оваа соработка е изработка на програма за работа на СЗПМ во период 2006-2008 и акционен план за нејзина реализација. Овие материјали ќе значат можност за изготвување на вакви документи во Здруженијата за оваа и наредни години.

Не се прекинати и досегашните врски со пензионерските организации од сите балкански земји, како и со Италија,Франција и други земји од Медитеранот.

Во 2005 се подотвори можноста за промовирање соработка на наши и странски здруженија од земјите соседи. Можната соработка би била : на пример Куманово со Врање, Дебар со Пешкопеја , Ресен со Корча. Охрид со Поградец , Струга со Ќафасан, Тетово со Драч и Валона ; Крива Паланка со Кустендил, Делчево ,Берово, Кочани, Струмица со Благоевград , Сандански и Петрич, Битола со Лерин , Воден и Костур, како и Кукуш, со Гевгелија, Кавадарци и Дојран, а Тетово и Гостивар со здруженија од Косово и некои други комбинации диктирани од територијална или некоја друга одредница.

Некои од овие здруженија во 2005 година имаа конкретни активности . Така, кумановското здружение освен на ниво на раководства, оствари две конкретни средби на културно- рекреативен план, односно средби со целовечерни приредби на песни , игри и ора од Софија. Соробатка оствари и здруженијата од Охрид, Дебар, Гостивар и Тетово со соодветни организации во Албанија и друго. Значи, направени се први чекори па нормално е да се очекува побогата соработка во 2006 година.

На ниво на Сојузот, во 2005 год. се оствари учество на Конгресот на Европскиот Сојуз на постари лица (ЕУРАГ) одржан при крајот на септември и почеток на октомври во Љубљана . Организатори на Конгресот беа повеќе европски организации и Сојузот на пензионерите на Словенија .Овој Конгрес за неговите учесници е XVIII по ред што ќе рече дека среќавањата траjат околу 3о години (се држи редовно на две години а неколку пати и на една.).

Од какво значење за Европа беше овој Конгрес говори и податокот дека на него учествуваа 132 организации, главно на возрасни лица од Европа, САД и Канада со 381 непосредни учесници.Покрај нив учествуваа и неколку комесари на различни комитети на Европската унија и ООН( за социјала, за возрасни лица, за соработка.)

Конгресот работеше во седум работни групи: во првата група рамковната тема беше квалитетот на животот на постарите луѓе (психосоцијални аспекти,здраво стареење и др).а поблиску расправата ги опфати прашањата за реинтеграција на постарите луѓе во општеството; мрежа на јавни институции и организирани структури; центри за специфични вработувања,за специјализирани медицински услуги,геријатриски и други одделенија.

Во втората група рамковна тема беше "Активно старо доба-нови начини на социјална интеграција", а поблиски: искуство од праксата на ангажман на возрасни во работа во области во кои порано работеле, интерес на државата и стопанските субјекти за овакви активности и создавање услови за тоа.

Во третата група основна тема беше "Личен финансиски менаџмент и независност", а поблиски поглед на можности за спречување сиромаштија на старата генерација, ублажување на тешкотиите што одат со стареењето и влијаат и на материјалната страна на животот: опаѓање на физичката активност,ослабување на сетилата видот и слухот, зачестени заболувања и повеќе трошоци за одржување на здравјето како и плаќање на други трошоци кои полесно се поднесувале со полна плата одошто со помала пензија и друго.

Во четвртата група глобално се говореше на тема "Постари луѓе и новите технологии", а поконкретно: средба и ефекти со новини во различни области на животот:нови технологии, технички достигнувања и слично.

Во петтата група основна тема беше "Постари лица во светот на културата и уметноста", а поблиску какви се интереси има кај старите за овие области, на какви начини се искажуваат, какви содржини се остваруваат, кои нови потреби наметнува или нуди напредната возраст и тн.

Во шесттата група темата беше "Интер-генерациска кохезија-услови за зачувување на одржлив социоекономски развој". Акцентот беше како да се исползува значајното искуството на постарата генерација, како тоа да се спои со нови потреби и по можност нови достигнувања во различни области а да не дојде до сукоб со младата генерација, односно да се унапреди достигнатиот систем на напредокот и друго.

Во седмата група темата беше "Учество на старите во процесот на донесување на одлуки за многу прашања во животот на поширокото општество", а со тоа и влијание на животот на постарите .Одлуките главно ги носат помладите па пензионерите и други постари лица неможат многу да учествуваат во процесот на донесување одлуки и да влијаат на конечната одлука.

Организацијата на Конгресот беше на високо ниво. Овозможи реализација на една динамика и содржина на приемчив и резултатен начин. Цанкарјев дом-објект погоден за овакви собири овозможи хармонија во работа на групите; лесна комуникација; просторни погодности; одлична звучност; симулирани преводи на повеќе јазици, средби на различни делегации вон работните програми и друго.

Нашата делегација учествуваше во петтата група со најкоцизна содржина на наши активности во различни области. Бевме претставени со уставно име на државата и на Сојузот ,бевме интересни и за другите учесници. Ни беше соопштено дека ќе бидеме примени во членство односно фамилијата на ЕУРАГ на националниот Конгрес кој ќе се одржи во Мадрид веројатно во 2007 година.

Конгрсот покажа колкав и каков интерес покажува Европа за своите возрасни чллнови -пензионери што е поучно и за нас и нашата земја.




*Меѓународна соработка на ЗП - Тетово*

**Чедо Георгиевски, секретар на СЗПМ**

Една година со "Пензионерски видици"

## Гласилото го оправда своето постоење



Навлегуваме во втората година од излегувањето на "Пензионерски видици" што секој последен петок во месецот се објавува во првиот дневен весник "Нова Македонија".

Првите 12 броја на ова единствено гласило во печатен медиум посветено на пензионерите се карактеризираат со интересна и богата содржина. Беа објавени повеќе актуелни теми, така што од вкупно околу 190 прилози, 14 беа осврти, 19 погледи и согледувања, 32 белешки и прикази, 8 интервјуа, 50 информации, 44 вести, 14 анкети, 3 поетски творби, 4 писма до Редакцијата и афоризми.

Хроничарот ќе забележи дека тоа е рекорден број прилози што се објавени како актуелности за афирмација на животот на пензионерите во нашата земја.

Редакцијата на "Нова Македонија" објавувањето на овој прилог го прогласи за издавачки потег на годината, иако го издава без надомест, што во услови на пазарна економија е за поздравување. Јавни пофалби за "Пензионерски видици" беа изнесени од повеќе читатели, од СЗПМ, СИПМ, од Фондот на ПИОМ, од општински здруженија на пензионери и други. Радува и фактот што бројот на читателите постојано се зголемува, бидејќи се претплатени речиси сите ограноци на СЗПМ и клубови на пензионери, а со големо внимание се чита и од млади луѓе, чија егзистенција, за жал, зависи од редовноста и висината на пензиите на нивните родители, баби и дедовци. Сепак во целина бројот на претплатниците сè уште е мал, со оглед на тоа што во нашата држава има околу 270.000 пензионери, а нивно уставно право е да бидат точно, целосно и благовремено информирани за сите активности и проблеми на пензионерското организирање и делување, дотолку повеќе што пензионерската асоцијација се финансира главно од нивната членарина.

Најголем број 110 претплатници на "Пензионерски видици" има Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, потоа 100 Здружението на пензионерите Карпош - Скопје, а по 50 претплати имаат здруженијата од Гази Баба и Кисела Вода, од Прилеп, Тетово, Куманово, Охрид, Кочани и Гостивар и Фондот на ПИОМ итн.

Симптоматично е што затворен во својот круг единствено останува Здружението на пензионерите од Битола кое не само што не е претплатено на единственото пензионерско јавно гласило, туку воопшто не учествува и на регионалните и републичките пензионерски спортски натпревари и фолклорни ревии, кои со своите содржини и квалитет се прифатени не само од пензионерите ширум нашата земја, туку и од целокупната македонска јавност. Секако овој отпор за сите заеднички активности што ги има Здружението на пензионерите од Битола, СЗПМ треба потемелно да ги согледа и проанализира.

Извршнот одбор на СЗПМ во најскоро време треба да формира и Комисија за информативна дејност и уште еднаш да го актуелизира прашањето за зголемување на бројот на претплатниците на "Пензионерските видици" од сите членови на собранијата на здруженијата на пензионерите, на надзорните одбори, на раководствата на ограноците, на клубовите на пензионерите, на активите на жените-пензионерки, на претседателите на работните тела и слично, кои треба да бидат секогаш добро и благовремено информирани за да можат правилно да го информираат членството и исцело да се вклучуваат во сите преземени активности на пензионерската организација.

Во секој случај ќе треба да се настојува како соиздавач на "Пензионерски видици" да биде Фондот на ПИОМ, што ќе придонесе гласилото да излегува почесто, два пати месечно, а перспективно и седмично.

Напоредно со тоа ќе треба да се формира Редакциски одбор, да се зголеми бројто на соработници и дописници, да се воведат нови рубрики, но и објавување на значајни одлуки на Фондот на ПИОМ и прашања и совети за остварување на пензиско и инвалидско осигурување. Така е речиси во сите земји во Европската унија.

Во минатата година пензионерските прашања и проблеми често се третираа и во Утринската програма на Македонското радио, а Македонската телевизија ја воведе неделната емисија "Трета доба". Беа објавени и две квалитетни изданија на Информативниот билтен на СЗПМ за јубилејните Десетти пензионерски спортски натпревари што се одржаа кај Велешкото езеро "Младост" и за Првата републичка пензионерска фолклорна ревија што се одржа во преполната Универзална сала во Скопје и трите регионални фолклорни ревии во Тетово, Неготино и Кочани.

Годинава СЗПМ како масовна, невладина и непартиска организација ќе ја одбележи 60-годишнината од формирањето на пензионерската асоцијација. И тоа треба да биде охрабрувачки знак за натамошно подобрување на јавното информирање за правата, должностите, проблемите и активностите на пензионерите.

Тие тоа го очекуваат и заслужуваат.

**Драги Аргировски, уредник на „Пензионерски видици"**

## Вториот пензиски столб функционира

Министерот за труд **Стевчо Јакимовски** соопшти дека е направен првиот тест на пензиската реформа, кој покажал дека системот функционира:

- Има фирми што земале плата авансно. При обработка на податоци од нив немало никаков проблем, што значи дека системот функционира - рече тој.

Дел од пензиските придонеси на јануарските плати на околу 80.000 вработени прв пат ќе бидат префрлени во приватните фондови. Тие го прифатија двостолбниот пензиски систем, кој почна со работа од 1 јануари и во кој, покрај државниот Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, ќе работат и два приватни.

Со воведувањето на вториот столб, 13,78 отсто од пензиските придонеси ќе одат во ПИОМ, а преостанатите 7,42 во еден од двата приватни фонда, основани од Нова Љубљанска и Тутунска банка и од Прва покојнинска дружба и Комерцијална банка. Кусокот во ПИОМ ќе биде надоместен од државниот буџет.

Пресметките покажаа дека зачленувањето во вториот пензиски столб е исплатливо за лицата што имаат помалку од пет години работен стаж, а за тие со поголем стаж предвид се зема и возраста.

Контрола на рботењето на двата приватни фонда ќе врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, а парите во првите пет години ќе ги чува Народната банка на Македонија. Двапати годишно осигуреникот ќе добива информации за собраните средства на својата сметка, а еднаш во годината и информации за тоа каде се инвестирани.

Потребата од воведување втор пензиски столб во земјава се поврзува со староењето на населението и намалувањето на бројот на вработените во однос на пензионерите. Со новиот столб треба да се обезбеди долготрајна издржливост на пензискиот систем.



# Средба на благодарноста

Македонскиот центар за меѓународна соработка во Скопје деновие го посети делегација на Клубот на жени-пензионерки "Неготинијада" од Неготино кои на пригоден начин му врачија благодарница на директорот **Сашо Клековски** за донацијата што овој Центар ја доделил при формирањето на Клубот во 1995 година. За значењето на оваа донација-телевизор, касетофон, шах, табли, сервиси и друго, претседателката на Клубот **Цвета Леонтевска** истакна дека тоа им дало голем поттик успешно да се организираат и да станат пример за активност на жени-пензионерки во нашата држава.

Заблагодарувајќи се директорот на МЦМС Сашо Клековски истакна дека Центарот е организација на граѓанското општество, чија цел е поттикнување, поддршка и развој на локални, регионални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа. Во рамките на тоа, гледајќи од сегашен аспект, тогашната скромна донација навистина ги оправдало целите, жените пензионерки во Неготино почнале почесто да се дружат и со својот ентузијазам придонеле да се создаде пријатно катче за средби и едукација, за меѓусебно информирање и договори за хуманитарни и други акции.

- Пензионирањето е само една нова фаза од животот и треба да се осмислува, смета Клековски, напоменувајќи дека во Европа се бараат нови содржини за пензионерско ангажирање. И во Република Македонија, напомна тој, од страна на СЗПМ се создава атмосфера за поорганизиран пристап по сите прашања од пензионерскиот живот, што се забележува и со рекреативните активности, со спортските пензионерски натпревари, со фолклорните ревии, со солидарноста, со грижата за старите лица и слично.

На оваа средба на благодарноста **Андон Марковски**, потпретседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се потсети на отворањето на Клубот на жени-пензионерки во Неготино, со сечење лента и со врачување на донацијата од МЦМС, на кој мал празник, околу сто пензионерки, убаво дотерани, создале пригодна свеченост со искажани визии за дружење и активности. Според Марковски целта во изминатата деценија не само што е постигната, туку и значително надмината. Тоа за него се незаборавни спомени.

- Нашата активност со несмалено темпо продолжува и годинава, додаде претседателката на Клубот "Неготинијада" Леонтевска, со организирано дружење и одбележување на Василица, и на Денот на лозарите "Свети Трифун",потоа на Денот на жените 8 март со учество на пејачката група "Распеани пензионери", но и со предавања за здравството и исхраната, со посетување и помош на специјалниот завод во Демир Капија и дневниот центар на хендикепирани лица во Неготино, со организирање работни акции и екскурзии итн.



фото:Г. Јаковлеска

**Д. Аргировски**



Собрание на Здружението на пензионерите Карпош-Скопје

# Согледувања за уште посодржајна активност

На осмата седница на Здружението на пензионерите Карпош-Скопје, кое е едно од најбројните во нашата држава со над 19.300 членови, беше даден пресек за успешноста во работата во 2005 година и се расправаше за измени и дополнувања на Статутот, како и за други актуелности.

Претседателот на Собранието на ова Здружение **Драгомир Пановски**, и на Извршниот одбор **Неделко Трајановски** истакаа дека со домаќинско работење и наменско користење на средствата и минатата година ќе биде позитивно, што ќе создаде услови за уште посодржајна активност во новата 2006 година.

Говорејќи за проблемот со зголемувањето на пензиите претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** информираше за досегашните разговори со одговорнтие фактори во државата, како и за предложените измени и дополнувања на законите што ја регулираат оваа проблематика, а за чие усвојување ќе треба да се произнесе Собранието на Република Македонија, за што се јавува и потреба од формирање лоби група меѓу претставниците за поддршка на понудените решенија.





Во врска со ова Собранието на Здружението на пензионерите на Карпош заклучи да се дополни иницијативата со предлог за изменување на одредбите од Законот за ПИОМ кои го регулираат прашањето за усогласување на пензиите, бидејќи сегашниот начин е рестриктивен и ограничувачки, поради што и пензиите стагнираат. Воедно се констатира потребата да се покрене иницијатива до Владата на РМ, Министерството за труд и социјална политика и Фондот за ПИОМ за вонредно зголемување на пензиите, а според изграден критериум од органите на СЗПМ.

На седницата се утврди и нацрт-одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Здружението на пензионери Карпош-Скопје, во кој како новина се предлага членовите на Извршниот одбор во иднина да не бидат членови на Собранието, да нема ограничувачки мандат и задолжително да се следи социјалната состојба на пензионерите. Како што беше утврдено мислењата и забелешките изнесени на јавната расправа ќе се сумираат до крајот на овој месец.

Во богатата дискусија во која учествуваа: **Павле Василевски, Киро Крстевски, Стојан Смилевски, Марија Тодоровска, Цветко Стојков, Руфат Рамадани, Трпко Цветковски** и други, беше изнесена заложбата за подобра соработка со локалната самоуправа, за обезбедување на просторни усови за работа на ограноците, за отворање нови клубови на пензионерите, за подобра здравствена заштита и снабдување со лекови, за навремена подготовка за изборите во организацијата, но и за избор на пратеници, за збогатување на културните самодејности со фолклорни и пејачки групи и инструменталисти, со поетски средби и слично. Воедно, **Јордан Јорданов** изрази благодарност што Здружението на пензионерите Карпош за свои членови ги прифати сите воени пензионери.

- Собранието усвои нов Правилник за работа на Солидарниот фонд и донесе одлука висината за заемна помош на корисниците на пензија во случај на смрт да се зголеми од 30.000 на 32.000 денари, што ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

На крајот свечено беа врачени благодарници на учесниците на регионалните и Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари, на кои членовите од ова здружение постигнаа солидни резултати. Годинава ова здружение ќе биде домаќин на регионалните спортски игри на кои се очекуваат нови успеси.

Здружението на пензионери Карпош е организација на граѓани корисници на пензија од подрачјето на општините Карпош, Горче Петров и Сарај и со заемно разбирање и ангажирање, се очекува со нови активности и успеси да се одбележи и 60-годишнината од формирањето и пензионерската асоцијација во нашата земја.

**Д. Аргировски**

Гевгелија

# Резултати достојни за почит



Активот на жени што работи во составот на Здружението на пензионери-Гевгелија, во кого членуваат 50 пензионерки и во годината што измина постигна истакнати резултати во своето работење. Според претседателката **Ванѓа Лисичкова**, активот работи програмирано во склоп на Програмата на Здружението, а посебно голем интерес има за организирањето на предавањата од областа на здравственото едуцирање, за остварување на соработка со невладините организации, како и со активите на жени од Прилеп, Ѓорче Петров, Штип, Кавадарци и Неготино.

Често се организираат и посети на стари изнемоштени пензионерки и деца со пречки во својот развој на кои им се подаруваат скромни подароци.



Самоиницијативно со сопствени средства се организираат акскурзии на значајни места. Во гидината што измина беа посетени Смолари и Водоча-Струмичко, потоа црквата Свети Тројца, Радовишко, црквата Свети Ѓорѓија-Неготинско како и спомениците на загинатите во Прилеп - Могилата на непобедените, потоа Варош и други.

**ИНФО: Пензионери-Гевгелија**

Во посета на...

Здружение на пензионерите на Тетово

# Респектирана пензионерска организација


Славко Лазаревски

Здружението на пензионерите во градот под Шар Планина подолго време е едно од најатрактивните во нашата земја. На тоа укажуваат големиот број пехари и признанија, податоците од извештаите во добро средената документација, а да се добие реална слика за целокупната работа на оваа респектирана пензионерска организација придонесоа излагањата на нашите домакини.

Како појдовна основа за делување на работа на органите и телата на нашето Здружение секако е создавање на атмосфера на меѓусебна доверба на 11.500 пензионери што делуваат во 19 органоци во општините Тетово, Боговиње, Челопек, Брвеница, Желино, Теарце, Јегуновце и Шемшево, истакна претседателот на Извршниот одбор **Славко Лазаревски**. Успеси има на повеќе полиња од делувањето, вели тој, се работи домакински и сите редовни и тековни проблеми благовремено се разрешуваат, а проблеми кај пензионерите најчесто произлегуваат од начинот и регулативата на усогласување на пензиите кои во целина се ниски и не се во чекор со зголемените животни трошоци.



Претседателот на Собранието на Здружението на пензионерите во Тетово, **Неврет Јашари**, исто така, зборуваше за добрата соработка и заедничко решавање на работите и дека посебно внимание се посветувало на функционирањето на огранoците, со оглед на тоа што некои немаат соодветни работни простории, се оддалечени од градот или се територијално распространети. Во наредниот период преку органите на локалната самоуправа ќе се прават напори за разрешување на овој проблем.


Неврет Јашари

Во Тетово постои Дом на пензионери "Димо Гавровски-Кара" со три уредени сали и добро опремен кабинет, каде се одржуваат состаноци, се игра шах и се дружат пензионери од сите етнички заедници. Во Домот има и 11 простории за сместување на пензионери, но тоа е недоволно и се чувствува потреба од изградба на нови сместувачки простории.


Домот на пензионерите во Тетово е изграден со ангажирање на познатиот борец Лазо Јовановски-Шуќомир.

Клубови на пензионери постојат и во поголемите населени места, како што се Боговиње, Брвеница, Челопек, Желино, Саракино, Непроштено, Речица, Теарце, Глоги, Рогачево и Радиовце. Благодарејќи на помошта од американската хуманитарна организација ИОМ сите 12 Клубови уште за време на конфликтот во 2001 година беа опремени со телевизори, бироа, столови, астали за пинг-понг, билијард и друго. Тоа се добро уредени места за дневен престој на пензионери, за соработка, за информирање и рекреација. За оваа активност Здружението на пензионерите од Тетово доби значајно признание-плакета од Американската амбасада во Македонија.

Тандемот Лазаревски-Јашари напомна дека во Клубовите на пензионерите со задоволство се читаат "Пензионерски видици". Во Здруежнието успешно работат и Комисиите за статутарни, организциони и кадровски прашања, за здравство и здравствена заштита, за спорт и за културно забавен живот, а за определни потреби се формираат и работни групи.

- Сето тоа дава посебна динамика во работата и на Извршниот одбор додаде Лазаревски, при што ја пофали и активноста на секцијата на жените- пензионерки предводени од динамичната претседателка **Софија Симовска**. Посебно успешна беше организацијата на средбата на жените пензионерки од Република Македонија на која присуствуваа над 500 пензионерки од 20 Здруженија од повеќе општини, како и гости од Албанија и Косово. Оваа манифестација во целост беше финансирана од страна на ОБСЕ. Жените пензионерки од Тетово учествуваа и на средбите во Струга, Сарај, Кичево и Кочани, како и во Велес и Косово.


Членови на Извршниот одбор

Заедничка екскурзија остварена е во Свети Николе, Струга и Охрид, како и во Република Албанија во која се организирани и летувања.

На полето на културно-забавниот живот ЗП во Тетово беше успешен организатор на регионалната фолклорна ревија, а учествуваа и на првата републичка фолклорна ревија на пензионерите.

На полето на културните самодејности, според Јашари, годинава ќе се настојува да се оформи и ансамбал на песни и игри од меѓуетничката средина.

Завидни резултати имаат постигнато и на досегашните десет републички спортски натпревари на пензионерите и неколку години беа најдобри во државата. На спортско поле се ангажирани околу 150 пензионери кои тренираат под стручното раководство на професорите по физичко воспитување Димко Смилевски и Јабланка Веселиновска, така што успеси се очекуваат и во иднина.

Како приоритетно ќе се поставува и прашањето на здравствената заштита на пензионерите. Според усвоената програма и годинава ќе се одржат неколку предавања за кои овде владее големо интересирање, а акцент ќе се даде и на поголема грижа за изнемоштени и болни пензионери, за бањски лекувања и за редовно снабдување со лекови. Годината, како што истакна претседателот на Комисијата, примариус **д-р Душко Трпчевски** се планирани околу 300.000 денари за помош на семејствата на материјално загрозените пензионери, која практика се покажа како мошне корисна.

**Светозар Димовски**, професионален секретар на Здружението со пиетет зборуваше за успешниот развој на организираниот пензионерски живот на оваа асоцијација во мултиетничка средина. Тој укажа и на значењето на Солидарниот фонд, што наменски се користи, а позитивни примери има и во создавањето услови за што похармоничен живот на пензионерите и за нивна активност и спокојство што го заслужуваат.

**Драги Аргировски**


Успеси на спортски натпревари

Разговор со **Ангел Коцев**, секретар на Здружението на пензионерите Пробиштип

# Плодна активност



**Господине Коцев, зад нас е уште една година, како ја завршивте, со што се соочивте и по што ќе ја паметите?**

- Годината што ја завршивме за Здружението на пензионерите од Пробиштип беше доста плодна. Имавме многу активности, успеавме да ги активираме и ангажираме сите комисии, кои за среќа постигнаа завидни резултати. Кога би ги редел активностите по некој хронолошки ред би започнал уште од јануари 2005 година со одржувањето на традиционалниот Василичарски (хуманитарен) коктел, па преку подготовките за настапите на спортските натпревари, фестивалите од областа на културата, бањско-климатските лечилишта, екскурзиите, еко-хепенингот, па до промоцијата на Монографијата "Верни на традициите во аманет на поколенијата" посветена на 30-годишното постоење и работење на КУД "Весели пензионери".

Беа организирани 10 екскурзии со посета на позначајни културно-историски места во нашата Република, посета на четири езера во Македонија и на Здруженија со кои имаме поголема соработка.

Во делот на спортските активности одржани се пет пријателски натпревари, четири регионални и на крајот најдобрите заминаа на Републичките пензионерски спортски натпревари од каде се вративме со две освоени втори места.

Во делот на културата "Веселите пензионери" имаа многу настапи и многу освоени награди. Од фестивалот во Долнени се вратија со освоено прво место, на Илиденските денови освоија прва награда за најуспешната постановка на кореографија во изворен фолклор, настапија во Деновите на културата во Пробиштип, беа гости на концертот во Универзалната сала во Скопје, на одбележувањето на 60-годишнината на Музичко-балетското училиште од Скопје, настапија на големиот еко-хепенинг во манастирскиот комплекс во Лесново на кој учествуваа над 10 здруженија од источниот дел на Македонија, на регионалната и Репубичката средба на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти. Овде би го вброил промовирањето на Монографијата. Би ја споменал и посетата на учениците од Музичко-балетското училиште од Скопје на КУД "Весели пензионери" во Пробиштип, кои покажаа голем интерес за изворниот фолклор што го негува друштвото, а се погрижија и да научат некои ора, покажаа интерес за носиите, песните и инструментите.

На бањско лекување заминаа над 50 пензионери во бањите Кежовица, Катлановски бањи и Бања-банско, Струмичко. Во трошоците учествуваше и Здружението од 10 до 30% во зависност од висината на пензијата. Поголемиот дел од пензионерите, преку здружението беа обезбедени со огревно дрво.

**Сепак, во кој дел имаше најголеми успеси?**

- Не би можел да издвојам никого, бидејќи секаде каде што се работеше се постигнаа и соодветни резултати на кои можеме да бидеме горди и задоволни. Овде би споменал дека бројот на нашето членство изнесува 1.620 пензионери од кои над 400 се вклучени во разни активности што би значело некаде околу 30 насто од вкупниот број.

**Секако дека успесите радуваат и обврзуваат, но истовремено и поттикнуваат за изнаоѓање на нови форми, нови ангажирања и постигнувања на поголеми резултати?**

- Точно. Човек никогаш не може да биде задоволен од она што го постигнал. Таква е й нашата определба. За годината што е пред нас програмите ни се доста оптимистички. Имајќи го предвид ентузијазмот на раководителите на одговорните по одредени активности се надевам дека истите ќе бидат во целост реализирани, а резултатите поголеми од минатата година. Радува и фактот што секојдневно имаме и нов прилив на членови во делот на спортот и културата.

За крај само да потсетам дека годината веќе ја започнавме со една интересна и хуманитарна активност. Станува збор за Василичарскиот коктел кој го организиравме со партнерство на Локалната самоуправа и Организацијата на жените од Пробиштип, а членовите на КУД "Весели пензионери" се претставија со прекрасните василичарски обичаи предизвикувајќи радост и смеа во преполната сала. Значи, започнавме со радост и смеа, се надевам дека така и ќе ја завршиме годината.


Василичари

**Милевка Здравковска**

Осврт

# Потреба од подобра здравствена заштита на пензионерите



Комисијата за здравство и социјална заштита при Здружението на пензионерите во Куманово во својата работа главно се раководи од почитувањето на декларацијата за заштита на стари лица. Забележителни активности се остварени за подобро снабдување со лекарства од позитивната листа, во развојот на здравствената заштита-посебно во руралните средини и во едукативната дејност со запознавање на членството со најчестите заболувања кај популацијата од трето доба.

Секако, како посебен проблем во последните два-три месеца се јавува недостигот на лекови од позитивната листа поради нетранспаретниот однос помеѓу Фондот за здравствено осигурување и аптеките и фирмите производители и добавувачи. Проблемот ќе треба брзо да се надмине, аптеките да бидат подобро снабдени со потребните лекарства и за хроничните болни да се упрости рецептурата и да можат со еден рецепт повеќе пати да подигнуваат ист лек. На мнение сме дека за пензионерите во Куманово треба да има специјализирана аптека, за што преговараме со новата локална саоуправа и со Медицинскиот центар. Впрочем, пред приватизацијата, во Градската аптека имаше посебен шалтер за пензионери.

Во минатата година забележително е подобрување на здравствената заштита, зголемен е бројот на лекари во селските населби, иако и таму нема аптекарски служби. Воопшто со поголем број на матични лекари и поделбата на здравството во општината во Дом на здравје и Општа болница, се подобри примарната заштита и се создадоа можности преку одделот за статистика на Заводот за здравствена заштита континуирано да се следи патологијата на популацијата од трето доба. Според најновите согледувања на заболувањата најчесто станува збор за срцеви и мозочни болести, малигни, метаболични и респираторни заболувања и операции од скршеници. Само во минатата година во јавното здравство во Куманово биле прегледани 7.468 пензионери на возраст од 65 до 75 години, во приватниот сектор 4.016 и во јавното здравство во Липково 219.

Здружението на пензионерите во Куманово кое има околу 11.500 членови, во минатата 2005 година на 165 пензионери им додели еднократна парична помош за решавање на здравствените проблеми, а осум молби беа одбиени поради непотполна медицинска документација. Биле доделени вкупно 820.000 денари и тоа на 46 пензионери за болести од мозочни удари, 33 од малигни заболувања, 31 од срце и крвни садови, 31 од операции на скршеници, 22 од шеќерна болест и 11 од распираторни болести.

Во минатата година зголемен е и бројот на пензионери што користеле помош за одмор и рекреација, за што има сè поголемо интересирање. Во центрите во Катланово, Претор и Бања Банско, бањско лекување користеле 121 пензионер од Куманово на кои им се покриени трошоците од 25 отсто во вкупен износ од околу 142.000 денари.

Со сето тоа донекаде се ублажени социјалните тензии на одделна категорија пензионери, за кои грижа ќе се води и во 2006 година.

Што се однесува до здравствената едукација на пензионерите посебна нагласка се дава на темите за стресот кај повозрасните, инфарктот и другите срцеви заболувања, остеопорозата и респираторните болести со посебна нагласка на грипозната инфекција. На ниво на здружението беше одржано и предавањето на примената на физикалната терапија кај луѓето од трето доба што го одржа д-р Јордан Пачков - началник на одделението за физикална терапија и рехабилитација.

Комисијата и годинава планира да ги продожи контактите со бројни здруженија, хуманитарни организации и клубови, со Црвениот крст и со здравствените институции - со Домот за народно здравје и Општата болница во Куманово, со цел здравствената заштита на пензионерите и понатаму да се унапредува.

**Прим. д-р Божидар Миновски,**
претседател на Комисијата за здравство и социјална заштита при ЗП Куманово

## Анкета



**Јован Каракутовски, пензионер од Скопје**

Информирањето, во времето и светот во кој живееме е своевиден општествен феномен кој врз целокупнот живот на луѓето има огромно значење и влијание врз свеста, однесувањето и работата.

Според тоа, и информирањето на пензионерите во Република Македонија е актуелна тема, потреба и трајна задача.

Пензионерската популација опфаќа висок процент од вкупниот човечки потенција (околу 270.000) и како општествен сегмент има своја специфична позиција, задачи и проблеми.

Информирањето на пензионерите го глéдам од два аспекта. Прво како внатрешно-интерно информирање на членството преку здруженијата и ограноците, и информирање на пошироката јавност преку бројните средства за јавно информирање за работата, проблемите и состојбите во пензионерската организација.

Информриањето преку гласилото "Пензионерски видици", кое секој последен петок во месецот излегува како прилог во дневниот весник "Нова Македонија" е добро и корисно, но недоволно од причини што треба почесто да излегува и со поголем тираж.

Во целина земено средствата за јавно информирање во нашата држава недоволно пројавуваат интерес за животот и работата на пензионерите во трката за лов на атрактивни теми како што се афери, сензационални настани кои кај нас ги има во изобилство

Многу важен сегмент за пласирање за информации во средствата за јавно информирање е изворот на информации.

Од таа причина, за размислување е формирање Комисија за информирање на СЗПМ и почесто остварување непосрдни контакти со јавните гласила.

Со оглед на важноста и актуелноста на информирањето, во текот на оваа јубилејна година на ниво на Сојузот би можело да се одржи едно советување со учество на членови од повеќе општински здруженија и да се согледа проблемот од еден поширок аспект за подобрување на информирањето во и за пензионерската организација.



**Александар Костов, пензионер од Струмица**

Поголем број пензионери имаат ниски пензиски примања со кои живеат крпен живот и кревко здравје што го одржуваат со користење на лекарства. Честопати се случува потребните лекови да ги нема, иако се на позитивната листа, а од истата апотека се нуди лекот по слободна цена на приватно, што е многу скап за плитките џебови на пензионерите со ниски пензиски примања. Со ова не се соочуваат само струмичките пензионери, туку може да се рече дека тоа се проблеми што ги мачат повеќето од пензионерите во Република Македонија.

Треба да се има во предвид фактот дека скоро половина од пензионерите во Македонија примаат пензија која се движи помеѓу 4.500 до 6.000 денари. Тие се погодени и со престанокот на исплатата на 8 отсто.

Пензионерската популација која е во трета доба од својот живот е со покревко здравје, што е биолошки процес. Во тие години од животот, ретко кој нема некои проблеми со здравјето. Пензионерите се најчести пациенти на лекарите и најголеми потрошувачи на лекарства. Тука се и маките. За секој рецепт треба да се јавиш на матичниот лекар, се издава само едно пакување од лекот. Обично во едно пакување има 20 апчиња. Тие се само за 10 дена. Пензионерите во таа доба од својот живот најмногу страдаат од хронички старечки болести што инсистираат постојана терапија и употреба на лекови. Какви се маките на секој постар пензионер кој често мора да оди на лекар за препишување на рецепт и да чека на нозе во редица пред ординацијата, пред шалтерите за заверување на рецептот и што е најмачно во апотеките каде се чека, а лекот често го нема.

Пензионерите, од постарите генерации 40 години во својот работен век, чесно се одолжија на државата со својот придонес за пензиско и инвалидско осигурување, затоа и заслужуваат секаква заштита што законски им припаѓа, за еден достоинствен безгрижен живот.



**Трајко Андонов, пензионер од Скопје**

Организацијата на пензионерите во оваа календарска година пред се треба да работи на посоодветен општествен статус на членовите. Имено, мислам дека досегашното дејствување доволно не се чувствуваше во сферата на животниот стандард, како и решавање на есенцијалните потреби на своите членови.

Во оваа изборна година организацијата треба да најде решение за зголемување на пензиите, кои за жал се многу ниски, а во голем број сведени на социјални потреби.

Во раководството треба да се вклучат и помлади членови, кои со своите знаења и умеења ќе ја направат организацијата по мобилна.

Сакам да ја истакнам потребата од постојано ангажирање на сите членови. Активноста да не се сведува само на организирање екскурзии, иако сметам дека и тие се потреба. За поздравување е излегувањето на "Пензионерски видици", бидејќи преку овој прилог членовите имаат ретка можност да ги соопштуваат сопствените размислувања.

## Да знаев



Да знаев, дека,
Младоста е татнеж
На светлина од
гром,
Во универзумот ќе
пуштев крик:
па јас уште не љубев страсно

да знаев, дека,
третото доба сурово ќе ме претвори
во есенски лист,
ноките ке ги претворев
во ден, а листот во цвет!

да знаев, дека,
секој ден е само миг
би го претворила во љубов

**Ристика Христова,**
наставник во пензија-Виница

Портрети на трофејни пензионери спортисти

# Сестран спортист и организатор

*Љубица Кузмановска - во атлетските дисциплини има освоено осум златни, три сребрени и една бронзена медалја*



Срекно е здружението кое во своите редови има професор по физичка култура. Доколку тоа се манифестира со извонреден спортски дух и организаторски способности, тогаш не е за чудење тоа здружение да постигнува врвни спортски резултати.

Овие епитети го красат кумановското здружение во кое **Љубица Кузмановска** е вклучена професор веднаш по нејзиното пензионирање. Сега во ова Здружение таа претставува алфа и омега во разгранетиот спортски живот на пензионерите, кои се редовни учесници на сите досегашни натпревари на ниво на Здружението, како и на регионалните и републичките пензионерски спортски игри. Благодарение на Љубица, пензионерите од Куманово се при самиот врв, а во 2005 година се искачија на самиот пиедестал, освојувајќи го првото место во генерален пласман и со гордост го понесоа големиот преоден пехар во својот град.

Бранејќи ги боите на пензионерското здружние од Куманово од натпреварите во атлетските дисциплини таа редеше победа по победа. За овие постигања доволно говори податокот дека на овие игри има освоено 12 медалји, од кои осум се златни, три сребрени и една бронзена. Таа е речиси апсолутна рекордерка во дисциплините трчање на 60 и во брзо одење на 100 метри.

Со нејзиното водење на Комисијата за спорт и рекреација, Кузмановска дава огромен придонес за омасовување на спортот меѓу пензионерите. Од година до година овој број е во постојан пораст. Со зачленетите пензионери во спортските секции се работи програмирано. Редовно се одржуваат турнири и тренинзи, така што тоа ги дава резултатите што ги постигнуваат кумановските пензионери на спортските игри и натпревари.

Исто така, ги организира и самата редовно учествува на пролетните и есенските кросеви и на спортските мечеви меѓу Здруженијата на пензионерите од Струмица, Гази Баба од Скопје и Куманово.

Поради сето тоа Љубица Кузмановска е избрана за спортист-пензионер за 2005 година во Куманово.

Покрај ова, се истакнува и како член на Собранието, Извршниот одбор и во Активот на жени пензионерки. Своите способности и афинитети ги искажува и во ансамблот на Културно-уметничкото друштво "Ѓоко Симоновски", во кое е активна во хорската и фолклорната секција.

И покрај пензионирањето, Кузмановска продолжува со најмладата популација-децата. Во зимските и летните месеци е инструктор по скијање и пливање на ученици од кумановските училишта.

**Спирко Николовски**

